АНАЛИЗА НА СУДСКИТЕ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ
ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ЕФЕКТИВНОСТА НА
ИЗРЕЧЕНИТЕ ПРЕКРШОЧНИ САНКЦИИ
НА ПОВЕДЕНИТЕ ПРЕКРШОЧНИ ПОСТАПКИ ПРОТИВ РАДИОДИФУЗЕРИТЕ
(заклучно со 30-ти јуни 2012 година)

## 1. Правна рамка

Областа на прекршоците во Република Македонија, се регулирани со Законот за прекршоците (Службен весник на РМ бр.62/06 и 51/11), со кој се уредени општите услови за пропишување на прекршоците и прекршочните санкции, општите услови за утврдување прекршочна одговорност, изрекување и извршување на прекршочни санкции, како и прекршочната постапка која се води пред месно надлежните судови во Република Македонија, иницирана врз основа на Законот за прекршоците и другите посебни закони.

Имајќи го предвид помалото општествено значење на прекршоците како повреда на општествени вредности што не се заштитени со кривичното право, со Законот за прекршоците, се уредува систем на прекршочни санкции и посебни прекршочни мерки. Востановена е глобата како главна санкција, со што се придонесува кон полибералниот пристап кон прекршоците како полесни форми на казниви дела.

Законот за прекршоците се заснова на начелата на законитост, еднаквост, заштита на слободите и правата на граѓанинот, акузаторност, контрадикторност, ефикасност и економичност.

Реформата на правосудниот систем во Република Македонија треба да обезбеди и зголемување на ефикасноста на работата на судовите и намалување на бројот на нерешените предмети.

Во таа насока, постојниот Закон за прекршоците, предвидува основ за задолжително спроведување на постапката за порамнување кај прекршоците. Целта на постапката за порамнување е постигнување на согласност на сторителите на прекршоци и надлежните органи за отстранување на штетните последици на сторениот прекршок и спречување на повторно вршење на прекршоци, и со тоа избегнување на водење прекршочна постапка пред надлежниот суд.

Органите овластени за поведување на прекршочна постапка се должни да му предложат на сторителот на прекршокот постапка за порамнување пред да поднесат барање за прекршочна постапка, а судот, по службена должност внимава дали е поведена постапка за порамнување. Во рамките на постапката за порамнување, платен налог се издава ако сторителот го признае делото што му се става на товар. Се смета дека сторителот на прекршокот со потписот на приемот на платниот налог се согласува да ја плати глобата. Сторителот е должен да ја плати глобата во рок од осум дена од приемот на платниот налог. Сторителот кој ќе ја плати глобата во тој рок, ќе плати само половина од изречената глоба. Поуката за тоа право е дел од правната поука на платниот налог. Во постапката која ќе заврши со издавање на платен налог не се плаќаат трошоци на постапката. Ако сторителот не ја плати глобата во рокот од осум дена, се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка до надлежниот суд.

Исто така, постојниот Закон за прекршоците, ја предвидува и можноста прекршочна постапка да може да води и прекршочна санкција, покрај надлежниот суд, да може да изрече и орган на државната управа, организација и друг орган што врши јавни овластувања на надзор над спроведувањето на законите со кои се пропишани прекршоците, со тоа што против нивната конечна одлука се гарантира судска заштита.

## 2. Овластување на Советот за радиодифузија да поднесува барања за поведување прекршочни постапки

Советот за радиодифузија на РМ како независно регулаторно непрофитно тело во областа на радиодифузијата, покрај другите овластувања во областа на радиодифузијата, има овластувања и можност да поднесува барања за поведување прекршочни постапки пред надлежните судови против радиодифузерите за:

- прекршоци предвидени во Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на Република Македонија" бр.100/2005, 19/2007, 103/2008, 152/2008, 6/2010, 145/2010, 97/2011, 13/2012), во случаи кога сторените повреди се од таков карактер или се сторени под такви околности од кои јасно произлегува дека целта на казнувањето нема да се постигне со изрекување на една од мерките кои се предвидени во член 38 од Законот за радиодифузната дејност, и

- прекршоци предвидени во Изборниот законик (Пречистен текст) („Службен весник на Република Македонија" бр.54/2011), сторени од страна на радиодифузерите за време на избори.

Овластувањето на Советот, да може да поведува прекршочни постапки против радиодифузерите до надлежните судови во Република Македонија за време на избори, е содржано во член 76-б од Изборниот законик, според кој Советот е должен да го следи изборното медиумско претставување и програмскиот сервис на радиодифузерите во Република Македонија од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите, и по утврдување на неправилности Советот е должен да покрене прекршочна постапка пред надлежниот суд против радиодифузерот кој ги повредил одредбите од Изборниот законик.

## 3. Искуство од поведените прекршочни постапки

Досегашното искуство од спроведените прекршочни постапки пред надлежните судови, покажува дека преовладува тенденцијата на изрекување глоби кои гравитираат кон законски пропишаниот минимум со примена на олеснителните околности предвидени во Законот за прекршоците.

Со постапката за порамнување, во која сторителите се согласуваат да ги уплатат глобите од издадениот платен налог, глобите се уплаќаат во краток рок од констатирањето на сторениот прекршок.
Во судските прекршочни постапки, можно е, а што и најчесто се случува, да дојде до избегнување на казната, во најмала мера поради сопственото убедување на предметниот судија во случај кога одлучува да ги ослободи од прекршочна одговорност сторителите сметајќи дека не постојат околности за прекршочна одговорност, или на обвинетите да им биде изречена судска опомена, или изречената казна да има помал ефект за сторителите, поради што казната временски се одолговлекува од моментот кога е сторен прекршокот, имајќи ги предвид причините кои доведуваат до одоговлекување на судските постапките (успешна/неуспешна судска достава, изготвување на одлуката, или жалбена постапката пред Апелационен суд и сл.).

## 4. Поднесени Барања за поведување на прекршочни постапки, предмет на анализа

Советот за радиодифузија на Република Македонија, како овластен орган за поведување прекршочна постапка за прекршоци сторени од страна на радиодифузерите во Република Македонија, во текот на 2011 година (за констатираните прекршувања на

одредбите од Изборниот законик) и првата половина на 2012 година (за прекршувањата на одредбите од Законот за радиодифузната дејност), има поднесено вкупно 33 (триесет и три) барања за поведување на прекршочни постапки, до надлежните судови во Република Македонија, по неуспешно спроведена постапка за прамнување, и тоа:

1. 5 (пет) прекршочни постапки за прекршувањата на одредбите од Законот за радиодифузната дејност, кои Советот ги констатираше врз основа на спроведените редовни мониторинзи на програмските сервиси на радиодифузерите, и

2. 28 (дваесет и осум) прекршочни постапки за констатираните прекршувања на одредбите од Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, сторени од страна на радиодифузерите за време на избори, односно од денот на распишувањето на изборите до завршувањето на гласањето на денот на одржувањето на изборите.

Советот за радиодифузија, согласно одредбите содржани во Законот за прекршоците, за прекршувањата на одредбите од Законот за радиодифузната дејност е обврзан да спроведе постапка за порамнување. Ниту една од 5-те (петте) спроведени постапки за порамнување не заврши успешно, односно радиодифузерите не прифатија да платат половина од износот на најниската глоба утврдена во Законот за радиодифузната дејност.

Исто така, Советот за радиодифузија, согласно одредбите содржани во член 178-а од Изборниот законик, а во согласност со одредбите од Законот за прекршоците, беше обврзан пред поднесувањето на барање за поведување прекршочна постапка пред надлежниот суд, да спроведе постапка за порамнување за 28-те (дваесетиосумте) прекршочни постапки за констатираните прекршувања на одредбите од Изборниот законик, Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнување на изборната кампања и Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања, сторени од страна на радиодифузерите за време на избори. За наведените поведени прекршочни, постапките за порамнување не завршија успешно, односно радиодифузерите не прифатија да платат половина од износот на најниската глоба утврдена во Изборниот законик.

Наведените барања за поведување на прекршочни постапки доставени до надлежните судови, детално се специфицирани во Преглед на поднесените барања за поведување на прекршочни постапки од Советот за радиодифузија, до месно надлежните основни судови во Република Македонија, против радиодифузерите, во табеларниот преглед (Прилог 1), како составен дел на оваа анализа.

Врз основа на изреките од донесените пресуди од страна на надлежните судови, до Советот за радиодифузија на Република Македонија, како подносител, започнувајќи од крајот на календарската 2011 година и во текот на првото полугодие на 2012 година, за наведените постапки, одлуките на предметните судии кај кои биле распоредени поднесените барања, се содржани во делот “фаза на постапката“, од Табеларниот преглед (Прилог 1), без при тоа да се коментираат судските пресуди во однос на конкретниот прекршок.

## 5. <u>Ефекти од поднесените барања за поведување на прекршочни постапки од страна на Советот за радиодифузија</u>

Од вкупно 33-те поднесени барањата за поведување прекршочни постапки до надлежните судови во Република Македонија, заклучно со 30-ти јуни 2012 година, може

да се каже дека повеќе од една третина се завршени, и тоа:

- 13 (тринаесет) прекршочни постапки се завршени со донесена правосилна и извршна пресуда, со изречена прекршочна санкција односно донесена одлука на судот во прекршочната постапка, и

- 20 (дваесет) прекршочни постапки се во тек пред судовите, од кои

  - 8 (осум) прекршочни постапки се во постапка по поднесена жалба на првостепена пресуда, при што се очекува пресуда од повисокиот Апелационен суд, со која доколку се уважи жалбата, предметот ќе се врати на Основниот суд на повторно одлучување со дадени насоки за подолжување на постапката, или ќе се донесе пресуда со која ќе се промени првостепената обжалена пресуда, или доколку Апелациониот суд ја одбие жалбата како неоснована ќе ја потврди првостепената пресуда на Основниот суд,

  - 10 (десет) прекршочни постапки се во тек, за кои Советот за радиодифузија нема сознанија за текот на постапката и дали за нив е закажано судско рочиште (на кое е извршен распит на обвинетите и презентирање на нивната одбрана и слично), и

  - 2 (две) прекршочни постапки се во тек, за кои Советот има сознанија дека по нив се постапува и се очекува пресуда на Основниот суд.

## 6. Ефективност на изречените прекршочни санкции

Заради утврдување на ефективноста на изречените прекршочни санкции од страна на надлежните судови, во поведените прекршочни постапки против сторителите на прекршоците, вклучително и за радиодифузерите во Република Македонија за кои Советот за радиодифузија има поднесено барања за поведување на прекршочни постапки, како и за целосен увид во текот на судските прекршочни постапки, потребна е:

1. Професионалност и стручност на сите учесници во постапката, што би допринело до поефикасен систем, каде значителна е и улогата на судијата за извршување на санкциите, во постапката на извршувањето на санкциите изречени со судски одлуки за прекршочно - казниви дела.

Имено, според Законот за извршување на санкциите и измените на истиот закон, извршувањето на прекршочните санкции изречени со правосилни и извршни одлуки се поведува по службена должност од страна на судот што ја изрекол прекршочната санкција во прв степен.

Санкциите се извршуваат кога одлуката со која е изречена санкцијата ќе стане правосилна и кога не постојат законски пречки за нејзино извршување, при што правилата за извршување се применуваат непристрасно, со почитување на основните човекови права и слободи ограничени само во границите неопходни за остварување на целта на казнувањето.

2. Потребно е да се востанови евиденција на започнатите прекршочни постапки, нивниот тек и прекршочните санкции кои се изречени во поведените и правосилно завршените прекршочни постапки.

Наведеното би требало да се реализира со востановувањето на практичната примена на донесениот Правилник за начинот на водење на единствена евиденција на прекршоците, изречените санкции и донесените одлуки во прекршочна постапка, како и начинот на пристап до информации кои се содржани во евиденцијата, објавен во “Службен весник на Република Македонија”, бр.76/2012, на ден 18 јуни 2012 година,

донесен од страна на Министерството за финансии на РМ, во соработка со Министерството за правда на РМ.

Со наведениот Правилник, се предвидува на посебно пропишани образци, да бидат забележувани податоци за:

-датумот на наплата на глобата и трошоците за прекршочната постапка,

-датумот на доставување на извршување и сл.

Согласно донесениот Правилник, а врз основа на поднесено барање од секое заинтересирано правно и физичко лице, може да се побара информација од востановената прекршочна евиденција, за подносителот на барањето.

3. Врз основа на утврдената состојба во областа на прекршоците, се наметнува потребата од иницирање постапка за востановување на т.н. “Систем за управување со прекршочна постапка“, во прекршочни одделенија при основните судови, со што би се овозможило:

- Обезбедување на потребни податоци и алатки за анализи во судовите кои ќе помогнат на судскиот менаџмент во креирањето на политиката во процесот на донесување на одлуки;
- Обезбедување на едноставен и прифатлив начин за контрола и одржување на целиот систем за управување со прекршочна постапка во судовите од една централна локација;
- Комплетна интеграција, дистрибуција и поделба на квалитетни информации низ судскиот систем и надворешните ентитети со максимално зголемување на пристапноста до информациите;
- Поддршка и реинженеринг на процесите на обработка на предмети во прекршочната постапка, елиминирајќи ги непотребните задачи, надминувајќи ги задачите кои се повторуваат, поедноставувајќи ги истите од комплексноста при што значајно би се намалиле заостанувањата при протокот на документацијата за еден предмет;
- Автоматизација на работните процеси застапени во одделните организациони делови на прекршочните одделенија на надлежните судови, а особено: Архива/одделение за испорака; Одделение за регистрација; Судија/дактилограф; Извршно одделение, и слично.

## 7. <u>Измени на Законот за радиодифузната дејност со цел да се обезбедат поголеми ефекти од поднесените барања за поведување на прекршочни постапки од страна на Советот за радиодифузија</u>

Со оглед на фактот, дека радиодифузерите во Република Македонија радиодифузната дејност ја вршат на: локално, регионално и државно ниво, а имајќи ги предвид казнените одредби содржани во Законот за радиодифузната дејност, според кои за прекршоците се предвидени единствени глоби, за правното лице - од 4.000 до 5.000 евра во денарска противредност, а за одговорното лице - од 500 евра до 2.000 евра, очигледна е несразмерноста на прекршочната политика со фактичката економска состојба на радиодифузерите.

Состојбата е идентична и со казнените одредби содржани во Изборниот законик во однос на прекршоците кои се однесуваат на радиодифузерите.

Од досегашната практична примена на наведените законски решенија, неспорно произлегува потребата од нивно изменување, на начин да се предвидат казнени одредби во кои ќе бидат пропишани глоби во определен износ од приходот кој го остварил радиодифузерот во соодветната деловна година.

На овој начин би се извршило индивидуализирањето на прекршочни санкции, во зависност од економската моќ на радиодифузерите, со што би се постигнала целта на казнувањето и ќе допринесе изречената глоба на локалните, односно регионалните радиодифузери да не претставува основ за престанок со вршење на радиодифузна дејност на тие субјекти.

Од друга страна, за радиодифузерите што вршат радиодифузна дејност на државно ниво, ова би претставувало значително зголемување на висината на казната, со што ќе се обезбеди и неопходното превентивно делување во однос на извршувањето на идните прекршувања.

На овој начин се очекува да се создадат услови за подигнување на нивото на општествената дисциплина на сторителите на прекршоците, со што ќе се очекува да се изгради поефикасен систем на санкционирање на сторителите на прекршоците.

***13.07.2012***

***Совет за радиодифузија на РМ,***
***Сектор за правни работи***

**Прилог бр.1**

**Преглед**

**на поднесените барања за поведување на прекршочни постапки**

**од Советот за радиодифузија, до месно надлежните основни судови во Република Македонија, во текот на 2011/2012 година,**

**против радиодифузерите**

| **1. Поведени прекршочни постапки во 2011 година**<br><br>**против радиодифузерите за повреди на Законот за радиодифузната дејност** | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реден број** | **Назив на радиодифузерот** | **Архивски број на барањето за поведување на прекршочна постапка** | **Опис на прекршувањето** | **Фаза на постапката (завршена или во тек),**<br>- **Пресуда на Основниот суд со изречената санкција,**<br>- **Жалба вложена на Пресудата,**<br>- **Пресуда на Апелациониот суд.** |
| **1.** | Трговското радиодифузно друштво Продукција ЛГН ДОО Негоино | Бр.03-3163/1 од 29.08.2011г. | Не ги почитувале одредбите на член 20 ставови 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност имено на ден 31.03.2011 година, радиодифузерот не ја исполнил обврската за објавување на податоците за неговото работење во претходната година, односно до Советот не доставил копија од објавената содржина во дневен весник и снимка од емитуваната содржина на ДВД формат. | - завршена постапка<br>• Пресуда на Основниот Суд Неготино Прк.бр.76/11-О од 11.04.2012 година, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 4000 евра, а на управителот во правното лице во износ од 500 евра.<br>Под услов обвинетите да не сторат нов прекршок во рок од 1 година. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Трговското радиодифузно друштво ВТВ ДОО Валандово | Бр.03-3162/1 од 29.08.2011г. | Не ги почитувале одредбите на член 20 ставови 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност имено на ден 31.03.2011 година, радиодифузерот не ја исполнил обврската за објавување на податоците за неговото работење во претходната година, односно до Советот не доставил копија од објавената содржина во дневен весник и снимка од емитуваната содржина на ДВД формат. | - завршена постапка<br>• Пресуда Прк.бр.207/11-О од 28.09.2011 година, на Основниот Суд Гевгелија, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 4000 евра, а на управителот во правното лице во износ од 500 евра.<br>Под услов обвинетите да не сторат нов прекршок во рок од 6 месеци. |
| **3.** | Трговското радиодифузно друштво БИ КИ АЛ ДООЕЛ Битола | Бр.03-2508/6 од 12.10.2011г. | Не ги почитувале одредбите на член 20 ставови 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност имено на ден 31.03.2011 година, радиодифузерот не ја исполнил обврската за објавување на податоците за неговото работење во претходната година, односно до Советот не доставил копија од објавената содржина во дневен весник и снимка од емитуваната содржина на ДВД формат. | - завршена постапка<br>• Пресуда Прк.1748/11-О од 21.12.2011 година, на Основниот Суд Битола, со која на обвинетото правното лице му се изрекува глоба на во износ од 500 евра, а на управителот му се изрекува прекршочна санкција – опомена. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Трговското радиодифузно друштво РАДИО РОСА ДООЕЛ Кочани | Бр.03-2509/9 од 12.10.2011г. | Не ги почитувале одредбите на член 20 ставови 1 и 2 од Законот за радиодифузна дејност имено на ден 31.03.2011 година, радиодифузерот не ја исполнил обврската за објавување на податоците за неговото работење во претходната година, односно до Советот не доставил копија од објавената содржина во дневен весник и снимка од емитуваната содржина на ДВД формат. | - завршена постапка<br>• Пресуда Прк.бр.1231/11-О од 10.01.2012 година, на Основниот Суд Кочани, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 2000 евра, а на управителот во правното лице во износ од 100 евра. |
| **5.** | Трговското радиодифузно друштво "Канал 5" Скопје | Бр.03-75/1 од 10.01.2012 | Во емисиите „Котиледонија 2011", „Во оган", „Заеднички ручек", „Парти зона" и „Тротоар њуз", на ден 22 јули 2011 година дозволиле да се врши прикриено рекламирање на фирми, производи и трговски марки, со што не ги почитувале одредбите на член 98 став 1 од Законот за радиодифузна дејност. | - постапката е во тек<br>• Пресуда 11Прк.бр.23/12-О од 04.04.2012 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која обвинетите се ослободуваат од одговорност.<br>• Жалба од Советот. |

## 2. Поведени прекршочни постапки против радиодифузерите за време на Предвремените парламентарни избори во Република Македонија, во 2011 година

| Реден број | Назив на радиодифузерот / Јавниот радиодифузен сервис | Архивски број на барањето за поведување на прекршочна постапка | Опис на прекршувањето | Фаза на постапката (завршена или во тек), - Пресуда на Основниот суд со изречената санкција, - Жалба вложена на Пресудата, - Пресуда на Апелациониот суд. |
|---|---|---|---|---|
| **1.** | Трговското радиодифузно друштво “Телевизија СОНЦЕ” ДООЕЛ Прилеп | Бр.03-2297/6 од 08.07.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеи 1 и 7 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (продолжен прекршок), (На ден на изборен молк емитувани се информации и аудио и аудио-визуелни материјали во врска со кандидат во изборниот процес, односно со организатор на изборна кампања, и на ден на изборен молк емитувани се програми неповрзани со изборите во кои учествуваат претставници на органите на власта). | - Завршена постапка<br>• Пресуда Прк.бр.531/11-О од 09.11.2011 година, на Основниот Суд Прилеп, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 1000 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 200 евра.<br>• Советот достави Жалба до Судот во однос на висината на изречената прекршочна санкција – глоба.<br>• Пресуда на Апелациониот Суд ПРКЖ. бр. -113/12 од 08.02.2012 година, со која Пресудата Прк. бр.531/11-О од 09.11.2011 година се потврдува. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | Трговското радиодифузно друштво “Телевизија СОНЦЕ” ДООЕЛ Прилеп | Бр. 03-2292/6 од 07.07.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот закник и член 24 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (Неозначено платено политичко рекламирање - на ден 3 јуни 2011 година). | - Завршена постапка<br>• Пресуда Прк.бр.530/11-О од 20.12.2011 година, на Основниот Суд Прилеп,со која на обвинетите им се изрекува - глоба на правното лице во износ од 1500 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 300 евра. |
| **3.** | Трговското радиодифузно друштво Алб ТВ 2010 ДООЕЛ Скопје | Бр.03-2293/6 од 07.07.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 22 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (Емитувани повеќе од 15 минути платено политичко рекламирање на еден реален час при што за еден организатор на изборна кампања се издвоени повеќе од 10 минути - на ден 3 јуни 2011 година). | - постапката е во тек<br>• Пресуда 11Прк.бр.2251/11-О од 05.04.2012 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува<br>- глоба на правното лице во износ од 2000 евра, а на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра, а плаќањето на глобата се одлага за 1 (една) година под услов обвинетите да не сторат нов прекршок.<br>• Советот достави Жалба до Судот во однос на делот од пресудата со кој плаќањето на глобата се одлага за 1 (една) година под услов обвинетите да не сторат нов прекршок. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **4.** | Трговското радиодифузно друштво Алб ТВ 2010 ДООЕЛ Скопје | Бр.03-1879/4 од 28.06.2011 | Повреда на член 75, став 2 од Изборниот законик и член 15, став 1 од Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања, (Емитување платено политичко рекламирање во период пред започнување на изборна кампања – на ден 28 април 2011 година). | - постапката е во тек<br>• Пресуда 11Прк.бр.2251/11-О од 05.04.2012 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 2000 евра, а на одговорното лице во правното лице во износ од 500 евра, а плаќањето на глобата се одлага за 1 (една) година под услов обвинетите да не сторат нов прекршок.<br>• Советот достави Жалба до Судот во однос на делот од пресудата со кој плаќањето на глобата се одлага за 1 (една) година под услов обвинетите да не сторат нов прекршок. |
| **5.** | Трговското радиодифузно друштво “Канал 5” Скопје | Бр.03-1880/4 од 28.06.2011 | Повреда на член 75, став 2 од Изборниот законик и член 13 од Правилникот за однесувањето на радиодифузерите во периодот пред започнувањето на изборната кампања, (Објавување резултати од испитување на јавното мислење, без радиодифузерот да обезбеди доволно информации врз основа на кои јавноста ќе може да ја процени веродостојноста на испитувањето - на ден 3 мај 2011 година); | - постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **6.** | Трговското радиодифузно друштво “Телевизија Ситeл” ДООЕЛ Скопје | Бр.03-2216/7 од 06.07.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 31, став 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (Непочитување на рокот за објавување на резултати од испитување на јавното мислење, најдоцна пет дена пред денот определен за одржување на изборите - на ден 31.05.2011 година). | - завршена постапка<br>• Пресуда 24Прк.бр.2260/11-О од 16.05.2012 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 750 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 150 евра. |
| **7.** | Трговското радиодифузно друштво “Телевизија Ситeл” ДООЕЛ Скопје | Бр.03-2260/7 од 06.07.2011 | Поради повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 22 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (Издвоени се повеќе од 10 минути за платено политичко рекламирање на реален час за еден организатор на изборна кампања - на ден 25 и 28 мај 2011 година). | - постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **8.** | “Телевизија Сител” ДООЕЛ Скопје | Бр.03-2324/6 од 08.07.2011 | Поради повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеи 1 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (На ден на изборен молк емитувани се информации во врска со организатор на изборна кампања - на 5 јуни 2011 година). | - постапката е во тек<br>• Пресуда 14Прк.бр.2253/11-О од 29.11.2011 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 700 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 150 евра.<br>• Советот достави Жалба до Судот на ден 14.12.2011 во однос на висината на изречената прекршочна санкција – глоба.<br>• Жалба од обвинетите, од Советот доставен е Одговор на Жалбата. |
| **9.** | Јавно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје, - МТВ 1 – Прв програмски сервис | Бр.03-2646 од 08.07.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 34, став 2, точка а), алинеја 3 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (На ден на изборен молк емитувано е известување кое е во функција на изборната кампања што може да влијае врз одлуката на граѓаните - на ден 4-ти јуни 2011). | - постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **10.** | Јавно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје, - МТВ 1 – Прв програмси сервис | Бр.03-2306/6 од 07.07.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 7 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (Емитувани се рекламни спотови финансирани од Буџетот на Република Македонија – на ден 2.06 и 3.06.2011 година и за време на изборниот молк 04.06.2011 година. | - завршена постапка<br>• Пресуда 13 Прк.бр.2252/11-О од 06.12.2011 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 1500 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 300 евра.<br>• Жалба од одговорниот уредник, од Советот доставен е Одговор на Жалбата.<br>• Жалба од правното лице, од Советот доставен е Одговор на Жалбата.<br>• Пресуда ПРКЖО.бр.-55/12 од 08.02.2012 година, со која жалбите на обвинетите се одбиват како неосновани, а Пресуда 13 Прк.бр.2252/11-О од 06.12.2011 година се потврдува. |
| **11.** | Јавно претпријатие Македонска радиотелевизија Скопје, Собраниски канал | Бр.03-2645/1 од 08.07.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 7 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (Емитувани се рекламни спотови финансирани од Буџетот на Република Македонија – на ден 3 јуни 2011 година). | - постапката е во тек<br>• Пресуда 15 Прк.бр.2254/11-О од 23.03.2012 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 200 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 65 евра.<br>• Советот достави Жалба до Судот во однос на висината на изречената прекршочна санкција – глоба. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12.** | Трговското радиодифузно друштво “ТВ ИРИС” ДООЕЛ Штип | Бр.03-3593/1 од 05.10.2011 | Повреда на член 75, став 3 од Изборниот законик и член 24 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборната кампања (Неозначено платено политичко рекламирање - на ден 16 и 20 мај 2011 година). | - постапката е во тек |
| 13. | Трговско радиодифузно друштво “А1 Телевизија” ДООЕЛ” Скопје | Бр.03-3091/1 од 24.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 14. | Јавното радиодифузно друштво Македонска радиотелевизија Скопје, МТВ 1 – Прв програмски сервис | Бр.03-3088/1 од 24.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15. | Друштво за телекомуникации и радиодифузија “АЛБ ТВ 2010” ДООЕЛ Скопје | Бр.03-3106/1 од 25.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - постапката е во тек<br><br>• Решение, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, за прекин на постапката 10 Прк.бр. 2327/11-О од причина што не може да се утврди седиштето, живеалиштето односно престојувлиштето на обвинетите, меѓутоа потоа до Советот е доставена:<br>• Покана за закажано рочиште.<br>• Писмена одбрана на обвинетите.<br>• Одговор од Советот на писмената одбрана. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **16.** | Трговско радиодифузно друштво “Канал 5” ДООЕЛ Скопје | Бр.03-3092/1 од 24.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - постапката е во тек<br>• Пресуда 14Прк.бр.2329/11-О од 18.10.2011 година,на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 700 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 150 евра.<br>• Советот достави Жалба до Судот на ден 13.12.2011 во однос на висината на изречената прекршочна санкција – глоба.<br>• Жалба од обвинетите, од Советот доставен е Одговор на Жалбата. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **17.** | Трговско радиодифузно друштво “Телевизија Сител” ДООЕЛ Скопје | Бр.03-3090/1 од 24.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - завршена постапка<br><br>• Пресуда 03Прк.бр.2326/11-О од 25.04.2012 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 1500 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 300 евра. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **18.** | Трговско радиодифузно друштво “ТВ АБ канал” Скопје | Бр.03-3087/1 од 24.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **19.** | Јавното радиодифузно друштво Македонска радиотелевизија Скопје – Македонско радио Прва програма | Бр.03-3089/1 од 24.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - постапката е во тек<br>• Пресуда 19Прк.бр.2331/11-О од 27.12.2011 година, на Основниот Суд Скопје 1 Скопје, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 1500 евра, а на одговорен уредник во правното лице во износ од 300 евра, а плаќањето на глобата се одлага за 1 (една) година под услов обвинетите да не сторат нов прекршок.<br>• Советот достави Жалба до Судот во однос на делот од пресудата со кој плаќањето на глобата се одлага за 1 (една) година под услов обвинетите да не сторат нов прекршок. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 20. | Трговско радиодифузно друштво ‘Канал 5 Плус”  ДООЕЛ Скопје | Бр.03-3086/1 од 24.08.2011 | Во рамките на својот телевизиски програмски сервис во периодот на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори во 2011 година, од 16-ти мај до 03-ти јуни 2011 година, не обезбедиле рамноправен пристап на сите учесници во изборниот процес, односно не обезбедиле избалансирано покривање на изборите во сите облици на изборното медиумско претставување за време на изборната кампања за Предвремените парламентарни избори, што е спротивно на член 75 став 5 од Изборниот законик и член 6 став 1 точка 2 од Правилникот за рамноправен пристап во медиумското претставување за време на изборна кампања бр.01-1597/1 од 21.04.2011 година. | - постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 21. | Трговско радиодифузно друштво “Радио Валандово” ДООЕЛ” Валандово | Бр.03-4404/1 од 13.12.2011 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | - постапката е во тек<br>• Пресуда Прк.бр.261/11-О од 02.04.2012 година, на Основниот Суд Гевгелија, со која на обвинетите им се изрекува глоба на правното лице во износ од 3000 евра, а на управителот во правното лице во износ од 500 евра. |
| 22. | Радиодифузно друштво “Скај Нет” ДОО Скопје | Бр.03-4250/1 од 28.11.2011 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | -постапката е во тек |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 23. | Трговско радиодифузно друштво “Т.В. Калтрина” ДООЕЛ Струга | Бр.03-4251/1 од 28.11.2011 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | - завршена постапка<br><br>• Пресуда Прк.О.663/11 од 10.02.2012 година, на Основниот Суд Струга, со која на обвинетото правното лице му се изрекув - глоба на во износ од 300 евра, а на управителот му се изрекува му се изрекува глоба во износ од 100 евра. |
| 24. | Трговско радиодифузно друштво “Радио Пехчево” ДООЕЛ Пехчево | Бр.03-4646/1 од 28.12.2011 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | - постапката е во тек<br><br>• Пресуда Прк.1/2012 од 26.01.2012 година, на Основниот Суд Берово, со која на обвинетите им се изрекува прекршочна опомена.<br>• Жалба од Советот.<br>• Со Пресуда од Апелациониот Суд ПРКЖ-349/12, Жалбата изјавена од Советот, се уважува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 25. | Трговско радиодифузно друштво “Топ ТВ” ДООЕЛ Берово | Бр.03-4647/1 од 28.12.2011 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | - завршена постапка<br>• Пресуда Прк.бр.-2/12 од 27.01.2012 година, на Основниот Суд Берово, со која обвинетиот се ослободуваат од одговорност.<br>• Жалба од Советот.<br>• Со Пресуда од Апелациониот Суд ПРКЖ-350/12, Жалбата изјавена од Советот, се уважува и предметот се враќа на првостепениот суд на повторно одлучување.<br>• Пресуда Прк.бр.-169/12 од 08.06.2012 година, со која обвинетиот со која на обвинетото правното лице му се изрекува - глоба на во износ од 200 евра. |
| 26. | Трговско радиодифузно друштво “Радио Еко -Проект” ДООЕЛ Крива Паланка | Бр.03-4482/1 од 25.12.2011 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | - завршена постапка<br>• Пресуда Прк.208/2011-О од 16.01.2012 година, , на Основниот Суд Крива Паланка, со која на обвинетото правното лице му се изрекува - глоба во износ од 2000 евра, а на управителот му се изрекува – опомена. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 27. | Трговско радиодифузно друштво "ФОКУС" ДООЕЛ Тетово | Бр.03-599/1 од 15.02.2012 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | - постапката е во тек<br>• Барање за дополнување на прекршочната постапка ПРК-2-199/12, со точна адреса, улица и број за одговорниот уредник Мухамед Ајети.<br>• Доставено дополнување од Советот на Барањето од страна на Советот. |
| 28. | Трговското радиодифузно друштво ПЕРСПЕКТИВА ТВ ДООЕЛ Скопје | Бр.03-300/1 од 30.01.2012 | Радиодифузерот не ја исполнил законската должност до Советот за радиодифузија на Република Македонија да достави ценовник за платено политичко рекламирање на изборните програми и на кандидатите на учесниците во изборниот процес за Предвремените парламентарни избори во Република Македонија во 2011-та година, а истиот емитувал платено политичко рекламирање во рамките на својот програмски сервис за време на овие избори, што е спротивно на член 75-а став 5 од Изборниот законик. | - постапката е во тек |

СЕКТОР ЗА ПРАВНИ РАБОТИ
Совет за радиодифузија на Република Македонија